IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

# International Scientific Conference OHRID SCHOOL OF LAW 2018

## *Reforms in the Law: Step Forward to Rule of Law*

8

# IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

4-th International Scientific Conference
10-13 May 2018 Ohrid

**OHRID SCHOOL OF LAW**
**2018**

*Reforms in the Law:*
*Step Forward to Rule of Law*

# 8

**Издавач:**
Институт за правно-економски истражувања и едукација
**Ј У Р У Д И К А  П Р И М А**
Димо Хаџи Димов 8/1-1 Скопје, Република Македонија
iuridicaprima.mk
iuridicaprima@gmail.com

**Publisher:**
Institute for Legal-Economic Research an Education
**I U R I D I C A P R I M A**
Dimo Hadzi Dimov 8/1-1 Skopje, Republic of Macedonia
iuridicaprima.mk
iuridicaprima@gmail.com

**За издавачот:**
Проф. д-р Ангел Ристов
**For the Publisher:**
Angel Ristov, Phd

**Печати:**
Стоби Трејд
**Print:**
Stobi Trejd

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34(082)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Охридска школа на правото (4 ; 2018 ; Охрид)

Охридска школа на правото. Реформи во правото : чекор поблиску до владеењето на правото / 4-та Меѓународна научна конференција 10-13 Мај 2018 Охрид ; [главен и одговорен уредник Ангел Ристов]. - Скопје : Институт за правно-економски истражувања Јуридика Прима, 2018. - 2 св. (356 ; 328 стр.) : илустр. ; 25 см

Трудови на повеке јазици. - На преднасл. стр.: Ohrid scholl of law 2018, Reforms in the law : step forward to rule of law / 4-th International Scientific Conference 10-13 May 2018 Ohrid. - Фусноти кон текстот. - Библиографија и summaries кон одделни трудови

ISBN 978-608-66152-2-2 (кн. 7)
ISBN 978-608-66152-3-9 (кн. 8)

а) Право - Зборници
COBISS.MK-ID 109051914

**IURIDICA PRIMA**

**ЈУРИДИКА ПРИМА**
Институт за правно економски истражувања и едукација

4-та Меѓународна научна конференција
10-13 Мај 2018 Охрид

# ОХРИДСКА ШКОЛА НА ПРАВОТО
# 2018

*Реформи во правото:*
*Чекор поблиску до владеењето на правото*

**8**

Institute for Legal – Economic Research and Education
**IURIDICA PRIMA**

*Editor –in-chief:* Professor Angel Ristov, PhD

*International Editorial Board:*

1. PhD, Ivan Ruschev, Faculty of Law, University "St. Kliment Ohridski" Sofia, Republic of Bulgaria;
2. Phd, Mihail Malchev, Faculty of Law, University "St. Kliment Ohridski" Sofia, Republic of Bulgaria;
3. PhD, Barbara Novak, Faculty of Law, University in Ljubljana, Republic of Slovenia;
4. PhD, Draginja Vuksanović, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
5. PhD, Ilija Vukčević, Faculty of Law, University, Donja Gorica, Podgorica, Republic of Monte Negro;
6. PhD, Nenad Tešić, Faculty of Law, University in Belgrade, Republic of Serbia;
7. PhD, Novak Krstić, Faculty of Law, University in Nis, Republic of Serbia;
8. PhD, Vesna Simovic Zvicer, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
9. PhD, Marko Bevanda, Faculty of Law, University in Mostar, Republic of Bosnia and Hercegovina;
10. PhD, Radenko Jotanović, Faculty of Law, University in Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Hercegovina;
11. PhD, Sanja Gongeta, Republic of Croatia, College of Applied Sciences Lavoslav Ružički in Vukovar, Republic of Croatia;
12. LLM, Lidija Šimunović, Faculty of Law, University in Osijek, Republic of Croatia;
13. Seregin Andrej Viktorovich, Assistant Professor, Candidate on Legal Scineces, South Federal University, Rostov on Don, Russian Federation;
14. PhD, Ivana Shumanovska Spasovska, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia;
15. PhD, Jovan Zafirovski, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia
16. PhD, Ilija Rumenov, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia;
17. LLM, Ilija Manasiev, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia.

Институт за правно-економски истражувања и едукација

**ЈУРИДИКА ПРИМА**

*Главен и одговорен уредник:* проф. д-р Ангел Ристов

*Меѓународен уредувачки одбор:*

1. Д-р д-р Иван Русчев, Правен факултет Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;
2. Д-р Михаил Малчев, Правен факултет, Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;
3. Д-р Барбара Новак, Правен факултет, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;
4. Д-р Илија Вукчевиќ, Правен факултет, Универзитет Доња Горица, Подгорица, Република Црна Гора;
5. Д-р Драгиња Вуксановиќ, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Црна Гора;
6. Д-р Ненад Тешиќ, Правен факултет Универзитет во Белград, Република Србија;
7. Д-р Новак Крстиќ, Правен факултет Универзитет во Ниш, Република Србија;
8. Д-р Весна Симовиќ Звицер, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Цра Гора;
9. Д-р Марко Беванда, Правен факултет Универзитет Мостар, Република Босна и Херцеговина;
10. Д-р Раденко Јотановиќ, Правен факултет Универзитет во Бања Лука, Република Македонија, Република Српска, Босна и Херцеговина;
11. Д-р Сања Гонцета, Колеџ на применети науки Лавослав Ружички, Република Хрватска;
12. М-р Лидија Шимуновиќ, Правен факултет, Универзитет во Осијек, Република Хрватска;
13. Серегин Андреј Викторович, кандидат на правни наука Јужниот федерален универзитет во Ростов на Дон, Руска Федерација;
14. Д-р Ивана Шумановска Спасовска, Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св.Кирил Методиј“ Скопје, Република Македонија;
15. Д-р Јован Зафировски, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија;
16. Д-р Илија Руменов, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија.
17. М-р Илија Манасиев, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија

**СОДРЖИНА**

8.1. Проф. др Небојша Ранђеловић
Др Жељко В. Лазић
Мр Мартин Матијашевић
**ПРЕПОЗНАВАЊЕ И РЕАГОВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈУ У ПОЛИЦИЈСКОМ ПОСТУПАЊУ.......................................................11**
.
8.2 Красимир Влахов
Д-р Михаил Малчев
**ЗАКОНОДАТЕЛНАТА РЕФОРМА НА РАЗПОРЕДБАТА НА ЧЛЕН 51 ОТ ЗАКОНА ЗА НАСЛЕДСТВОТО - като гаранция за уеднакввяване на спорната съдебна практика по приложението й....................................................................................31**

8.3. Проф. д-р Тони Ѓоргиев
М-р Гоце Стоиловски
**ПРЕКУ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ИЛИ КОНТРОЛАТА НА УМОТ ДО НОВ СВЕТ ЗА СИТЕ.....................................................................49**

8.4. Dr. Sanja Gongeta
**EUROPSKI ZAKONODAVNI OKVIR MEĐUBANKOVNIH NAKNADA ZA PLATNE TRANSAKCIJE PUTEM KARTICA...........59**

8.5. Проф. д-р Зоран Јовановски
**НЕГАТИВНИТЕ СТРАНИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА.......................71**

8.6. Д-р Билјана Каровска-Андоновска
**РЕФОРМИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ НАСПРЕМА ПРЕПОРАКИТЕ ВО ИЗВЕШТАЈОТ НА ПРИБЕ...................................................................85**

8.7. Д-р Орде Ѓорѓиоски
**ПРЕПОРАКИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПРАВНА РАМКА ЗА ЕФЕКТИВНА „БОРБА“ СО ДОЦНЕЊЕТО ВО ПЛАЌАЊЕТО НА ПАРИЧНИТЕ ОБВРСКИ................................................................................................99**

8.8. Др Марија Тасић
**МЕЂУНАРОДНОПРАВНА ЗАШТИТА МАЊИНСКИХ АКЦИОНАРА У СВОЈСТВУ СТРАНИХ ИНВЕСТИТОРА............117**

8.9. Д-р Илија Руменов
**СТАНДАРДИТЕ НА ХАШКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО И ЕУ ПОВРЗАНИ СО ПРЕКУГРАНИЧНАТА НАПЛАТА НА ИЗДРШКА СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.................................................................133**

8.10. М-р Марјан Коцевски
**ПОТРЕБИТЕ ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИОТ ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТ.................................................................................149**

8.11. Марија Драгићевић
**ЗАШТИТА ЛИЧНИХ ПОДАТАКА ЗАПОСЛЕНИХ И КАНДИДАТА ЗА ЗАПОСЛЕЊЕ......................................................163**

8.12. Александра Васић
**О ПРАВНОЈ ПРИРОДИ УГОВОРА О ЛИЗИНГУ............................189**

8.13. М-р Александар Јовановски
**ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО...............................................................207**

8.14. Катарина Живановић, LLM
**ЗЛОУПОТРЕБА ПРАВА ОКРИВЉЕНОГ УСМЕРЕНА НА ОДУГОВЛАЧЕЊЕ КРИВИЧНОГ ПОСТУПКА – ХАРМОНИЗАЦИЈА ДОМАЋЕГ ЗАКОНОДАВСТВА СА НОРМАМА МЕЂУНАРОДНОГ ПРАВА УЗ ПРИКАЗ ПРАКСЕ УСТАВНОГ СУДА РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ........................................219**

8.15. Миња Блажић Павићевић, LL.M
**ПОВРЕДА ПРАВА НА ОДБРАНУ У ПРАКСИ ЕВРОПСКОГ СУДА ЗА ЉУДСКА ПРАВА.................................................................237**

8.16. Sanja Mišević
**ARBITRARNOST SUDSKIH ODLUKA KAO UGROZA VLADAVINI PRAVA U HRVATSKOJ – DE LEGE LATA DE LEGE FERENDA..........................................................................251**

*Проф. д-р Зоран Јовановски**

# НЕГАТИВНИТЕ СТРАНИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

UDK: 005.44-022.212:355.02
005.44-022.212:341.4
Review paper

*Денес светот се повеќе ги актуелизира проблемите со: глобализацијата (нејзините негативни страни), загадувањето на животната средина, глобалното затоплување, организираниот криминалитет, тероризмот, еко тероризмот, компјутерскиот криминалитет, оружјето за масовно уништување... Сите погоре наведени појави имаат тенденција да поттикнат размислување кај човештвото, но за жал, сите само зборуваат за тоа, но се не преземаат никакви превентивни мерки, на прво место го ставаат сопствениот интерес, а од после кога ќе настане штетата, понекогаш таа штета е и во големи размери, кои одпосле се обидуваат да ја санираат.... но овде јас би го поставил прашањето, како може да се санира таква штета од големи размери, без претходно да се интервенира со отстранување на несоодветни статични матрици и модели, кои само фигурираат фрлени во архивата на безбедносните служби? Исто така би го поставил и прашањето, како може да се превенира тероризмот, транснационалниот организиран криминалитет, еко – тероризмот без меѓународното казнено право и неговите закони? Апсурдно е да се говори за сведување во рамки на минимум на погоренаведениве форми на кривични дела без меѓународното казнено право и неговите конвенции како и меѓународните судови и трибунали за репресија и санкционирање на меѓународните сторители на кривични дела.*

*За погоре наведените негативни појави, за решавање на таквите проблеми, статичните модели на заштита водат само кон пропаст, затоа што тие не овозможуваат да се направи анализа на проблемот односно заканата, било таа да е латентна, видлива или хипотетичка. Пред се, треба да се тргне од компаративниот пристап,*

---

* Вонреден професор на Воена академија Генерал Михајло Апостолски - Скопје

*кој не овозможува правење на грешки, затоа што нивото на грешки се намалува доколку објективно се разгледа проблемот, и слободно може да се каже дека е повторлив процес. Овој повторлив процес содржи препознатлива матрица на анализа. Матрицата се менува во зависност од променливите индикатори. А токму индикаторот е тоа што ја предизвикува потребата за формирање на динамична матрица за анализа на проблемот, што ќе проектирана соодветно да одговори на заканите, односно со нејзниот соодветен безбедносен модел. На пример ЦИА е една од најмоќните и најсложените безбедносни служби. Таа има развиено разузнавачки процесен модел кој што се состои од неколку нивоа: прибирање, анализирање (обработка) на податоци, дистрибуција (важно е кому му се доставуваат обработените податоци), да не се прават анализите за потреби на самата служба, туку да има комисија која ќе може реално да ги согледа, и повратен одговор од оној на кој сме му ги дистрибуирале податоците. Кога сите држави во светот, би имале развиено ваков модел, и кога него би го креирал и со него би работел соодветен кадар, сметам дека погоре наведениве облици на криминалитет не би биле искоренети, но сепак би биле сведени во рамка која би можела да се контролира доколку безбедносните служби на земјите ги почитуваат законите правилно и прецизно на меѓународното казнено право.*

***Клучни зборови*:** *Глобаизација, Организиран криминал, Тероризам, Статична безбедносна матрица, Динамична безбедносна матрица.*

## 1. ШТО Е ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И КОИ СЕ НЕЈЗИНИТЕ НЕГАТИВНИ СТРАНИ?

Не е грешка и да се каже дека глобализаијата е тренд кој што произлегува од САД со почетокот на индустријализацијатакако и компјутеризацијата. Идејата на глобализаијата била и е да се олесни човековото живеење и работење, од една страна, а од друга страна светот да биде ист во контекст, да има една кулltура, да нема граници луѓето да се движат слободно и слободно да комуниираат преку интернетот и „паметните“ телефони. Но од друга страна, глобализацијата е „нож со две острици“ . Со компјутеризацијата користењето на интрнетот на криминалците му се овозможува и олеснува извршувањето на тешките кривични дела од видот на организираниот криминал, транснационалниот

организиран криминал, вршењето на терористички акти, еко-тероризмот, оружјето за масовно уништување и многу други кривични дела. Овде разузнавачките и контраразузнавачките служби имаат голема улога (се разбира доколлку меѓусебно соработуваат). Но сепак за одредени тешки кривични дела следува и тешка кривична санкција, односно репресија. Затоа што се работи за кривични дела кои не се протегаат само внатре во националните граници во една држава, овде се вкллучува и меѓународното кривично право кое го регулира меѓународниот криминал со меѓународните трибунали.

## 1. ОРУЖЈЕ ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ

Оружјето за масовно уништување се појави како тренд за и старите и новите терористички организации со кој тренд се вршат се поголеми насилства и агресии за да ги продлабочат своите политички цели.[1] За остварување на својата цел, терористите се закануваат и употребуваат се понасилни и посмртоносни тактики, методи и оружја, што може да убива не стотици туку илјадници невини животи. Во ОМУ спаѓаат: отровните гасови, секое оружје кое има болест или организми што предизвикуваат болест, секое оружје што е опасно за човечкиот живот, како и секое уништувачко средство што има одредено погонско гориво и сл.

ОМУ се користи заради тоа што: со помалку финансиски средства, може да предизвика масовна смрт, паника и збунетост на населението, затварање и загадување на објекти, предизвикување недоверба во Владата дека не може да го заштити сопственото населението и да спречува терористички активности, предизвикување на недоверба во системот за реагирање во итни случаи и тн.

Логично е дека, за една терористичка организација е многу тешко да произведе или набави атомски средства односно нуклеарно оружје, но тоа не важи за други радиолошки материјали за распрскување врз одредено подрачје, токму поради причината да создаде радиолошко загадување.

Радиолошките материјали, хемиските и биолошките агенси можат релативно лесно да се набават или произведат, и баш поради тој факт претставуваат голема закана на глобално ниво. Од друга страна, што

[1] Particicipant guide, курс за истрага на местото на терористички акт, организиран на Полицисaката академија 2004 год.

е олеснително за терористичките организации е тоа што, многу од материјалите и хемикалиите кои се користат како хемиско или пак биолошко оружје за масовно уништување, тешко се откриваат, и пред се, нивната инкубација е брза и наликува на некој вид епидемија, односно тешко се открива за што се работи, хемиските и биолошките агенси не мора да бидат прочистени за да предизвикаат жртви. Агенсите кои можат да се користат како хемиско оружје за масовно уништување се стандардни отровни индустриски хемикалии и суперотровни хемикалии што се произведуваат и користат за намерно труење на жртвите.

Пред некое време имав прилика да гледам документарец направен од руската армија. Овде не се работеше за хемиско оружје за масовно уништување, туку за поголема доза на ЛСД дрогата, која руската армија ја тестираше на свои војници – доброволци, со цел да се види какво влијание ќе има врз нив и да ги следи нивните реакции, а целиот тој експеримент беше направен доколку ЛСД или слична дрога биде подметната во храната или пијалоците. Ист таков експеримент беше направен и во армијата на САД, а резултатите беа исти, поточно, војниците беа зашеметени, ЦНС (централен нервен систем) не функционираше нормално, односно беа во состојба која не може да одговорат соодветно на дадената закана, односно ако бидат нападнати од непријателот. Видеата можат да се погледнат во фуснота број 7.[2]

Биолошките агенси се живи организми или биотоксини што предизвикуваат болести кај луѓето. Био-токсините се специјални видови отровни хемикалии од категоријата на биолошки агенси, бидејќи се создадени од живи организми.

Рдиолошките материи претставуваат акутна и долгорочна опасност за луѓето и животните, предизвикувајќи долгорочно оштетување на клетките. Овие агенси не мора да се вдишат или пак да дојдат до директен контакт со кожата за да направат штета туку предизвикуваат радијација и можат да пробијат повеќеслоен заштитен материјал, на пример, рендгентските зраци. Цезиумот 137 претставува атомски нус- производ кој обично се наоѓа во атомскиот медицински отпад, а и не е некоја тајна

---

[2] http://www.youtube.com/watch?v=zLCzR34HfVQ, достапно 2017 година.
http://www.youtube.com/watch?v=n-rWnQphPdQ достапно 2017 година.
https://www.google.com/search?q=http%3A%2F%2Fwww.youtube.com%2Fwatch%3Fv%3Dn-rWnQphPdQ&oq=http%3A%2F%2Fwww.youtube.com%2Fwatch%3Fv%3Dn-rWnQphPdQ&aqs=chrome..69i58j69i57.5954j0j4&sourceid=chrome&es_sm=93&ie=UTF-8 достапно 2017 година.
http://www.youtube.com/watch?v=MxCLXk6XgrQ достапно 2017 година.
http://www.youtube.com/watch?v=8ZIZtiWhnM8 достапно 2017 година.

дека и долги години се наоѓа на црниот пазар.

Особена опасност за примена на ОМУ е леснотијата за негово производство. Постројките потребни за култивирање и производство на многу биолошки оружја бараат само основни вештини и средства кои можат да се најдат во повеќето средношколски лабораттории.[3]

Последиците кои би настанале со примена на погоренаведените материјали се многу сериозни за целиот жив свет на планетата, загадувањата би биле од големи размери, а жртвите би биле многубројни. За разлика од другото терористичко оружје, со ОМУ,има потенцијал за убивање на илјадници луѓе. Жртвите би биле многубројни и тоа без разлика на полот, возраста, етничката припадност, верата или политиката.

Еве неколку примери за напади со ОМУ:

- 1994 (хемиски напад ) – Јапонскиот култ „Аум Шинријо" пуштајќи „ сарин " (нервен боев отров " во Мацумото, Јапонија што заврши со 8 мртви и над 200 повредени хоспитализирани жртви.

- 1995 година ( хемиски напад )- низа напади во Јапонија со цијанид, фосген и пеперминтски спреј.

- 1995 ( биолошки напад – обид ) во САД беше уапсен еден член на организацијата „Ариска нација" поради нарачување на бактерии на чума.

- 1995 ( радиолошки напад – закана ) – Чеченската сепаратистичка организација остави пакет од 13,5 кг со радиоактивен цезиум и експлозив во парк во Москва.

- 1995 година (експлозив напад со големо возило – бомба ) 1814 кг амониум нитрат измешан со горивна нафта, беа наменети за уништување на Федералната зграда во Оклахома Сити при што загинаа 168 лица.

2005 (биолошки напад) – испуштен антракс преку поштенскиот систем во САД, загинаа 5 лица, а илјадници биле погодени.[4]

Овој вид на тероризам, односно тероризам со примена на ОМУ е сериозна закана во светски рамки , но за жал светот е несвесен и баш поради тоа е не спремен за овие био – терористички напади. Биолошкото, хемиското како и радиолошкото оружје претставува голема закана на 21-от век, и не само со катастрофални последици туку со последици кои

---

[3] Ibid.

[4] Z.Stojanovic, „Terorizam I srodnikrivicnidela, Terorizam I srodnakrivicnadela – teorija I praksa " – str 17, Beograd, 1998

можат да траат и со векови. Карактеристично за овој вид на оружје е не тоа само што е токсично, туку и канцерогено. Ефектите од радиоактвното зрачење, на пример, Гама емитерите имаат електро магнетна енергија и продорност Со – 60, Бета емитери (стронциум 90), се користат за труење, се врзуваат за калциум, предизвикуваат гастроинтестинален синдром, Алфа – емитерите имаат голема радиотоксична моќ и канцерогеност (гастроинтестинален).

Ова дефинитиво може да се наведе и квалифицира како кривично дело на организираниот криминал, односно транснационалниот организиран криминал. Не се оспорува фактот дека и пред времето кога глобализацијата не бил застапен овој вид на криминал, но со самото отварање на границите, безвизниот режим и желбата за светот да биде едно големо „село“ на некој начин не се посветува доволно внимание на овој сериозен проблем.

Директнатаврскапомеѓукривичнотоделотероризамизагрозувањето на здравата човекова околина, произлегува и од дефиницијата на тероризмот во Конценцијата за тероризам на Европскиот совет, поточно во членот 1 од оваа Конвенција тероризмот се дефинира како „ деликти кои вклучуваат користење на бомби, гранати, ракети, атомско оружје или експлозивни писма и пакети, ако таквото користење ги загрозува луѓето...“[5] Био-тероризмот е сериозна закана во светски рамки, но светот во суштина е не свесен и баш заради таа причина несеспремни за био-терористички напади. Моето мислење е дека многу малку држави во светот имаат некаков си модел, матрица, која ќе може да одговори соодветно она оваа сериозна глобална закана.

## 3. ТЕРОРИЗАМ

Потребата за дефинирање на тероризмот произлегува од фактот дека е неопходно да се дефинира соодветното однесување што не е прифатливо и што се смета за противзаконско од страна на системот на кривичното право на секоја држава. Тероризмот неминовно доаѓа во судир со правниот поредок на секоја држава како мошне опасен извор на загрозување на нејзината национална безбедност. [6]

[5] С.Радак „Кривично правна заштита од сепаратизма, тероризма и других кривичних дела којима се угрожава територијална целовитост, уставни поредак и безбедност Републике Србије „Тероризам и сродна кривична дела - теорија и пракса“ стр. 97, Београд, 1998.

[6] „Тероризмот-современо светско зло“ од Д-р Митко Котовчевски;

Како причини за создавањето на тероризмот се навадуваат следните две групи на околности:

-Објективните околности, неправдите и несовршеноста во економската основа и политичката надградба на општеството, нефункционирањето на неговите институции, недововолната образованост,(всушност и необразованоста би ја тргнал од објективните околности, затоа што да се изврши еден терористички акт, не само што се потребни финансиски средства, туку и лидер, односно организатор на целиот тој криминален чин), сиромаштијата, изолираноста на поединците и на општествените групи, корупцијата, последиците од определени конфликтни состојби (пост-конфликтни одмазди) односно – **ако не се почитува историјата, таа се рефлектира во сегашноста или иднината,** општата општествена фрустрација, функционирањето на (не)демократските институции, етничките судири, постоењето на систем на формална демократија, губењето доверба во политичкиот систем, легитимноста на државната власт итн.

-Субјективните околности, под што се подразбира земање на правдата во свои раце, бидејќи според нивните проценки таквата состојба може да се промени само со насилство, односно дека насилството е единствениот и последен лек, најбрза, најцелосходна, најефикасна и во дадените критични околности единствено можна и ефикасна варијанта на дејство и реализација на поставените цели.

„Најзначајни фактори што во голема мера придонесуваат за создавање терористичко насилство се:

-политички - репресивна и корумпирана власт;

-општествени - непостоење средна класа или тотална дискриминација;

-економски - крајна(неподнослива) сиромаштија, односно тотално осиромашување на населението и висока невработеност;

-идеолошки-егзистирање на политички филозофии со силно изразена спротивставеност;

-геополитички - присуство на голем број жители од други држави, граѓански и други видови конфликти во непосредното опкружување;

-верски - верски судири или верски насилства;

-надворешни-надворешна поддршка на активностите на дисидентите или влијанието на екстремната непријателска политичка

емиграција“.[7]

Како што беше напоменато и на почетокот, тероризмот е однесување што не е прифатливо и што се смета за противзаконско од страна на системот на кривичното право на секоја држава, но загрижувачки е фактот дека не само што се врши тероризам само во една држава. За жал сме сведоци и живееме во време каде што се соединуваат повеќе држави, односно групи од повеќе држави со цел да извшуваат терористички акти во други држави. Ова сепак може да се поврзе со глобализаијата, односно како една  од нејзините негативни страни.

## 3. ЕКО – ТЕРОРИЗАМ

Најпросто кажано еко-тероризмот е еколошко водење на војна, односно воена стратегија која може да се води за време на војна или вооружен конфликт, а која се состои од намерно и нелегално уништување, експлоатација или изменување на животната средина.

„Еко-тероризам, или еколошки тероризам или тероризам врз животната средина под кој се подразбира уништување или закана за уништување на животната средина со цел да се заплаши или принуди една влада ...“[8]

Еко-тероризмот, со овој поим се означуваат криминални дејства што се вршат против компании или владини служби  а целта на тоа е да се наруши нивната работа бидејќи наводно, нивната работа претставува опасност за животната средина како и вклучување закани за загадување на снабдувањето со вода или уништување и оневозможување на енергетските постројки како и многу други закани, на пример може да се наведе примерот за употребата на портокаловиот отров од страна на војската на САД во војната со Виетнам, со кој отров се уништувале листовите на растенијата или пак примерот со уништување на изворите на нафта во Кувајт при повлекувањето на ирачките воени сили за време на војната во Персискиот залив во 1991 година.

Покрај активностите кои ги преземаат владите и владините органи, а се карактеризираат како еколошки тероризам, како и активностите на некои екологисти, исто така можат да се сметат како еко–тероризам. Овде спаѓаат нелегални преминувања на територии на приватни компании

---

7 Тероризмот-современо светско зло” од Д-р Митко Котовчевски;

8 „Британски енциклопедиски речник“ Г-3, стр. 136

што се занимаваат со сеча на шума и вршење саботажи со цел нивно попречување во работата. Исто така екологистите во некои случаи вршат и еколошки модификации на природните ресурси со цел да се оневозможи нивно комерцијално искористување.

Најблизок облик на криминалитет со еко–тероризмот е оружјето за масовно уништување (ОМУ).

## 4. ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Организираниот транснационален криминалитет се разликува од традиционалните форми на организираниот (пример: злосторничко здружување во рамките на една држава заради вршење на одреден вид организиран криминал). Со појавата на процесот на глобализација се поголем замав зема транснационалниот организиран криминалитет кој не познава никакви граници и не го одминува ниту една држава како и ниту едно општество во светот. Исто така и Република Македонија е подложна на оваа негативна појава. Криминалните организации настојуваат да се вградат во постојниот систем и институциите. Овие организации остваруваат разни форми на влијание (најчесто се работи за корупцијата) за да ги имаат во свои раце луѓето од државните органи и институции надлежни за давање на определени дозволи, кои ја водат стопанската политика и решаваат за покрупни стопански зделки. Тоа го прават на тој начин штовградуваат свои луѓе во највисоките органи на власта и со корумпирање на важни функционери.

Во различни регионални подрачја царува шверцот и трговијата со опојни дроги и оружје, кражба и трговија со предмети од национално и културно значење, изнудувањена паризаради заштита која не е барана (рекетирање), посредување при вработување со обврска за издвојување на дел од заработувачката за организацијата. Транснационалниот организиран криминалитет е голема закана по националната безбедност на секоја држава и подразбира најекстремни и најбрутални начини на измама за врбување на жртви заради проституција, трговија со луѓе, трговија со човечки органи, а со самото тоа се доаѓа до една голема контрадикторност. Со колективните безбедносни системи се промовира демократијата а на прво место основните човекови права и слободи на луѓето,(а со самото тоа се кршатгоеми дисозиии на меѓународното казнено право и меѓународното воено хуманитарно право) но со појавата на глобализацијата се доаѓа до погоре наведениот резултат.

Корупцијата, искористувањето на даночни разлики односно царински диференции, трговија со хартии од вредност, осигурителни измами, илегално вселување на странци, трговија со радиоактивни материи и изнесување на радиоактивен отпад, шверц со злато, накит, цигари и алкохол, фалсификување на пари и исправи се исто така негативности на самата глобализација.

Така, транснационалниот организиран криминал, во современи услови со своите карактеристики и белези, со огромна и виталност и флексибилност, со огромна финансиска и друга моќ што ја поседува, секако е еден од најсилните центри на моќ во сенка на легалните национални и меѓународни институции. По серијата војни во регионот, феноменот на транснационалниот организиран криминал доби исклучително поволен амбиент за дејствување и практично успеа да го постигне тоа што не им успеа на легално-државно правни идентитети. Конкретно за опасностите и заканите кои ги има нашата држава во поглед на транснационалниот организиран криминал во балканските, европските и светските криминални случувања во никој случај не можеше да остане оаза на некриминален простор. Република Македонија стана жртва на криминалните организации на Русија, Бугарија, Албанија, Италија, Турција и сл. Теоретските анализи укажуваат дека не е можно нашата економска и финансиска сфера да можеле да останат настрана од интересот на подземниот криминал. Тука се поставува и прашањето дали Република Македонија во моментов има способен, самостоен и независен безбедносен систем кој може да ги открие ваквите активости и ефикасно да им се спротивстави?

Овој криминалитет се јавува како загрозувачки фактор на правната држава: го загрозува принципот на владеење на правото, загрозена е моќта на државата во борбата против криминалот, се криминализира дел од државната структура, се парализира безбедносниот систем, се предзвикува општествена дезорганизација до степен на општ хаос. „По осамостојувањето на Република Македонија, како земја во транзиција криминалитетот беше доста застапен и во постојан пораст. Посебно во процесот на глобаизаијата како и приватизацијата на општествениот капитал каде на многу сомнителен начин се изврши негово огромно разграбување од страна на поединци.“ [9]

---

[9] Јордан Спасески, “МАКЕДОНИЈА столб на безбедноста и мирот на Балканот“, стр.211

## 5. ШТО Е ПОДАТОК ШТО Е АНАЛИЗА И ШТО Е ПРОЦЕСЕН МОДЕЛ НА ПРОУЧУВАЊЕ?

Податокот е основна алатка за работа на еден разузнавач или пак контраразузнавач. Податокот не секогаш е во „чиста“ и разбирлива форма. Тој најчесто се добива во сурова форма, каде што вработените во безбедносните служби имаат за задача и мораат да го дешифрираат за да се дојде прво до информација а потоа во разузнавачка информација. Се работи за податок кој е обработува, понекогаш и со години за да се дојде до информација а потоа до разузнавачка информаија со тенденија да се превенира во погоренаведените кривични дела. Превенцијата се врши на тој начин што кога ќе се соберат разузнавачките информации се создава една разузнавачка анализа за кривичните дела, а од таа анализа поизлегува разузнавчкиот процесен модел, (кој по правило за секое кривично дело треба да постои поединечен процесен модел, затоа што и едно кривично дело не се извршува на еден начин па така тој проесен модел треба да биде динамичен а не статичен). Многу практичари и многу теоретичари тврдат дека проесниот модел има предвидувачка разузнавачка дејност. Во овој труд не туку така е споменато разузнавањето и контраразузнавањето, податоците анализата и процесните модели на заштита, туку се споменати заради рано превенирање на кривичните дела. А доколку се направи пропуст, тогаш се врши репресија и соодветно се санкционира.

### 5.1. ПРОЦЕСНИ МОДЕЛИ НА ПРОУЧУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

Аналитичките безбедносни модели се повторлив процес и предметот на анализа е динамичен. Процесот е повторлив бидејќи криминалитетот и криминалците се менуваат, односно ги менуваат и ги усовршуваат методите и начините на извршување на кривичните дела, и со самото тоа менување се менува и предметот на заштита, па поради таа причина се менуваат и аналитичките безбедносни модели. Оваа карактеристика, односно променливиот и динамичниот процес, овозможува повеќе простор и предност во поглед на правењето на анализа на податоците.

Истовремено е важен да се напомене и компаративниот пристап. Компаративниот пристап не дозволува да се прават грешки. Нивото и обемот на грешките се намалуваат доколку објективно се истражува процесот. Овој повторлив процес содржи и препознатлива матрица на

анализа. Матрицата се менува во зависност од променливите индикатори, односно, тоа, нештото, причината, што ја предизвикала потребата за формирање на матрица за анализа за соодветниот безбедносен модел. Кај криминалитетот нема универзални карактеристики, туку социопатолошки белези.

За пример ќе ја земам ЦИА, една од најмоќните и најсложените безбедносни служби во светот. Таа има развиено разузнавачки процесен модел кој се состои од неколку нивоа :

1. Прибирање, анализирање ( обработка ) на податоци .

2. Дистрибуција на податоците ( важно е кому му се доставуваат обработените податоци односно да не се прават анализите за потребите на самата служба и да не бидат несоодветни аналитичарите, туку да има комсисија која ќе може реално и соодветно да ги согледа анализите ).

3. Повратно ниво односно FEEDBACK од оној на кој му се дистрибуирале податоците.

Не случајно се спомнати разузнавачките и контраразузнавачките служби на една земја во борба против сите негативни појави што ги носи глобализацијата. Регионалната, меѓународната и дококу е возможно и глобалната соработка на овие безбедносни структури би ја ги довеле на минимум сите оние деструктивни појави кои се резултат на глобализацијата. Но сепак, овде не може а да не се спомене и правото, односно законите, регуллативите, директивите и тн. Кои со нивно прекршување и повреда, следува соодветна ресесија и санкција во зависност од делото што е извршено.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Од се ова погоре напишано, може да се заклучи дека негативните страни на глобализацијата немаат тенденција да станат секојдневие, туку во суштина тие се секојдневие, а според мене не затоа што не можат да се сведат во рамка во која ќе можат да се контролираат, туку затоа што е потребен модел, динамична безбедносна стратешка матрица, која ќе биде флексибилна и ќе може да се менува и да одговори на соодветната закана но најпрво, почитување на меѓународното казнено право, како и меѓународното воено хуманитарно право како и репресијата од страна на меѓународните судови и меѓународните трибунли. „Категории на

однесување кои подлежат на санкција според меѓународното кривично право претставуваат:

- воени злосторства;
- злосторства против човештвото;
- геноцид;
- тортура;
- агресија;
- тероризам“[10]

Меѓународното казнено право ја наметнува должноста на секоја држава да ги гони и да ги казнува односно санкционира сите индивидуи или пак групи кои извршиле кривични дела кои немаат негативна рефлексија само во државата каде што се извршени тие кривични дела, туку негативноста рефлексира на регионалното, меѓународното а и глобалното тло. Доколку е извршено такво кривично дело, меѓународното казнено право ги „изведува“ сторителите пред меѓународните судови и трибунали, соодветни за личности кои се осомничени за вршење на таков вид на кривични дела.

„Меѓународното кривично право е нова гранка на меѓународното право. Листата на меѓународниот криминал ги претставува делата за чие извршување меѓународното право ги прави криминално одговорни и станува реалност со постепен пораст. Новите категории на криминал беа развиени и усвоени од Втората светска војна додека тие воени злочини беа усвоени во 1945 и 1946 година беа усвоени статутите на Меѓународниот воен трибунал во Нуремберг и Меѓународниот воен трибунал за Далечниот Исток„[11]

Од погоренаведените кривични дела кои се подетално разработени во самиот труд, може да се заклучи дека тие се релативно нови кривични дела и се тесно поврзани со гобализацијата, односно нејзините негативни појави. Компутеризацијата и интернетот од една страна (како дел од глобализацијата) го олеснуваат човековото живеење, функционирање и работење. Но од друга страна тоа е ужасно негативна страна на глобализацијата, затоа што со само еден повик или само едно кликање на соодветно копче може да се изврши терористички акт кои последиците би биле поголеми и од една конвенијоналлна војна.

---

[10] http://justicia.mk/novost.asp?cnd=12056

[11] http://justicia.mk/novost.asp?cnd=12056

*Проф. д-р Зоран Јовановски**

## THE NEGATIVE SIDES OF GLOBALIZATION

***Abstract:*** *Nowadays, problems regarding globalisation (its disadvantages), pollution of the environment, global warming, organised criminal, terrorism, eco terrorism, computer criminal, as well as weapon for massive destruction are being increasingly actualised. All of the above mentioned phenomena have a tendency to trigger humanity to think, but unfortunately enough, everyone is solely talking about it without implementing any precautionary measures. Everyone looks primarily after their own interest, and later when the damage, which can sometimes be quite significant, is done, they try to repair it. Here, I would raise the question "how could one repair such significant damage without previously intervening by removing inadequate static matrices and models which are only left in the archives of the safety agencies?" About the aforementioned negative phenomena and the tackling of those problems, the static models for protection lead only to destruction because they do not allow conducting an analysis of the problem, regardless whether it is latent, apparent, or hypothetical. First of all, one should start with the comparative approach, which does not allow making mistakes, because the level of mistakes is diminished if the problem is objectively looked at, and it can be easily said that it is a repetitive process. This repetitive process contains an identifiable matrix of analysis. The matrix changes depending on the variable indicators. And it is the indicator that causes the need of forming a dynamic matrix for the problem analysis, which would be designed precisely in order to face the threats, i.e. with its adequate safety model. For instance, CIA is one of the most powerful and most complex safety agencies. CIA has developed an investigating process model which consists of several levels: gathering data, analysis of the data, distribution (it is important who is provided with the analysed data), not carrying out the analyses for the needs of the agency itself, but to have a committee who will be able to perceive realistically, and a response from those who have been distributed with the data. If all of the countries in the world had developed such model, and if the model was created and worked with by adequate personnel, I reckon that all of the aforementioned types of criminal would not be eradicated, but still they would be minimised to a level which could be controlled.*

***Keywords:*** *Globalisation, Organized Criminal, Terrorism, Static Safety Matrix, Dynamic Safety Matrix.*